Бр./Nr 12-3928/2

17-05-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67-мата седница одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-3928/1 од 17.11.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување поради тоа што ДКСК веќе има постапувано и донесено одлука по предмет со исти наводи.

Предметот со број 12-3928/1 од 17.11.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 17.11.2020 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-3928/1 од 17.11.2020 година.

Во пријавата се изнесуваат наводи за, како што наведува подносителот, повеќегодишен правен проблем и непреземање мерки од страна на државните органи во Република Северна Македонија во врска со убиство сторено во 2015 година. Се наведува дека во 2017 и 2018 година донесени се пресуди од Основниот суд ----------- и Апелациониот суд ------------ со кои две лица се прогласени за виновни за убиство, од кои едното лице било упатено на издржување на казна затвор, додека другото лице било на слобода во местото на живеење на очиглед на жителите и полицијата, при што подносителот изразува сомневање дека поради коруптивни причини органите надлежни за спроведување на законот не го спроведуваат лицето во затвор. Во продолжение се наведува дека предметот бил вратен на повторно судење од страна на Врховниот суд, што му дава сомнеж на подносителот дека оваа одлука е заснована на коруптивни дејствија. Дополнително, се наведува дека до моментот на поднесување на пријавата не била распишана интернационална потерница за лицето кое било недостапно за органите на прогонот.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека веќе има постапувано по наводите од посочената пријава во предмет со број 12-4453/1 од 24.09.2019 година за што на 48-та седницата на ДКСК, одржана на 22.04.2021 година донесена е Одлука за запирање на постапувањето по наводите од посочениот предмет поради тоа што е констатирано дека Министерството за внатрешни работи во рамки на своите законски

надлежности преземало конкретни дејствија за лишување од слобода на посоченото лице. Имајќи го ова предвид ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Нури Бајрами**